ПРИВАТНА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА
ВИСОКА СТРУЧНА ШКОЛА
„ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ“

# БИЛТЕН

НА ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

ISSN 2955-2486

Heidelberg
FACULTY OF SKOPJE

СКОПЈЕ, 2024 година

Издавач: Приватна високообразовна установа Висока стручна школа
„Хајделберг факултет во Скопје“
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Синиша Наумоски
Уредник на продукција: м-р Тања Н. Тренески
Техничко уредување: м-р Даниела Стефаноска

## СОДРЖИНА

**Страна**

РЕФЕРАТ за избор на наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна област Менаџмент и бизнис и Финансии .................. 4

РЕФЕРАТ за избор на наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Право во научна област Деловно право и Финансово право ........................................ 7

РЕФЕРАТ за избор на наставник во наставно звање предавач во научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна области Економија и Финансии ....................................................................................................................................13

РЕФЕРАТ за избор на наставник во научно звање предавач во научно-истражувачко поле Право и научна област Деловно право ............................................ 16

РЕФЕРАТ за избор на наставник во научно звање предавач во научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна области Економија и Финансии .................................................................................................................................... 18

РЕФЕРАТ за избор во наставно звање предавач од научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Вештачка интелигенција и системи ........................................................................................................................ 21

РЕФЕРАТ за избор на наставник во научно звање предавач во научно-истражувачко поле Компјутерски и информациски науки и научна области компјутерски науки и информациски науки ........................................................................ 23

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТ ФИНАНСИИ, МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 14.11.2024 година, по пријавата на магистрант спец. Слободан Спиркоски за избор на наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна област Менаџмент и бизнис и Финансии, се состана во следниот состав:

1. Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
2. Доц. д-р Берат Дехари, член
3. Проф. д-р Мирјана Алексова, член

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот магистрант спец. Слободан Спиркоски и го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот магистрант спец. Слободан Спиркоски, роден на 16.06.1988 година во Прилеп. Основното обрзование го завршила во Прилеп. Средното образование го завршил исто така во Прилеп во средното економско училиште со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште се запишува на Факултетот за Економски науки при Прв приватен универзитет ФОН во Скопје и успешно го завршува во 2010 година и со тоа се стекнува со стручен назив дипломиран економист. Во 2010 година се запишува на специјалистички студии од областа на финансискиот менаџмент каде што по положување на сите предвидени испити со просечен успех 10.00 и одбрана на завршниот труд под наслов „Мерење и оценување на работењето на банките, со посебен осврт на „Комерцијална банка" АД Скопје" се стекнува со стручен назив Специјалит по финансиски менаџмент.

Во 2011 година се има запишано на Магистерси студии од областа на монетарна економија, финансии и банкарство при Економскиот Факултет – Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методи, Скопје каде што го има положено сите предвидени предмети и требада ја одбрани само завршната магистерска теза.

Кандидатот уште од средно образование покажува интерес за работен ангажман и посветување на управувачки активности работејќи како управител на виртуелна компанија ДООЕЛ „Photo planet" Прилеп во рамките на средното училиште „Кузман Јосифовски Питу". Во тек на средното училиште има

привремени ангажиран во градежно претпријатие во делот на финансии. Во тек на студиите има привремен ангажман во Изворна и Кредитна Банка АД Скопје – филијала Прилеп. Во период од 2009 до 2014 во компанијата The LiRo Group има работно искуство на позиција - Финансиски Аналитичар. Во периодот од 2014 до 2020 во компанијата Adam's European Inc. работи на позиција финансиски советник. Во период од 2020 со сега и активно, во компанија GL Group Inc. работи на позиција економски раст и развој на компанијата.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Кандидатот магистрант спец. Слободан Спиркоски својата истражувачка дејност ја започнува најпрво со истражување и подготовка на научно истражувачки труд на тема „Мерење и оценување на работењето на банките, со посебен осврт на „Комерцијална банка“ АД Скопје“ како завршен труд на додипломските студии.

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите меѓународни и домашни конференции, семинари и работилници за финансии и банкарство од земјите членки на ЕУ и пошироко:

1. Обука за менмаџмент – „Office Management“ – поддржано од АД Пивара Скопје преку центарот за образование и обука -Мотива, со теми маркетинг, комуникациски вештини, тимска работа, change management, time management, business management – 2010 година
2. Поседува FINAL DIPLOMA in „D“ adult levels classes, за завршен курс по англиски јазик во училиштето за странски јазици и компјутери – 2007 година
3. Има учествувано на средношколски саеми организирани од страна на USAID каде што за својот труд и заложба има добивано сертификати и пофалници.

Покрај учеството на големи меѓународни и домашни конференции и семинари, кадидатот има земено активно учество на многу банкарски, менаџерски и бизнис семинари и работилници, каде апликативно го покажува и зајакнува своето знаење.

1. На 01 Март 2016 Скопје, учество на специјалистички семинар на тема “Conventional and emerging forms of financing of SMEs and micro – entreprises” со Shmuel Vaknin од Израел;
2. На 17 мај 2018 година организатор и учесник на еднодневна работилница на тема „Предизвиците за централните банки во периодот по избувнувањето на глобалната економска криза, со фокус на монетарната политика во Р. Македонија”;
3. 28 јуни 2018 година учество на мотивациско стручен семинар на тема „ Принципите на банкарското работење на глобално ниво и во Република Македонија“;

4. На 7 јуни 2021 година, организација и учество на меѓународна конференција тема: „Економска состојба во ЕУ – посебно во германија како партнер на балканот";
5. На 8 јуни 2021 година, организација и учество на меѓународна конференција тема: „Германското дуално образование и неговото поврзање со бизнис-секторот";
6. На 04 и 05 март 2022 година учество на работилница на тема „Подобрување на компетенциите на наставниците за ефикасно информирање, комуницирање и едукација на родителите на учениците„;

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, магистрант спец. Слободан Спиркоски има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот магистрант спец. Слободан Спиркоски ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна област Менаџмент и бизнис и Финансии на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје".

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје" кандидатот магистрант спец. Слободан Спиркоски да го избере во наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна област Менаџмент и бизнис и Финансии.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
Доц. д-р Берат Дехари, член
Проф. д-р Мирјана Алексова, член

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО И ФИНАНСОВО ПРАВО НА ВИСОКА СТРУЧНА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 14.11.2024 година, по пријавата на м-р Бобан Попевски за избор во наставно звање Предавач од научно-истражувачко поле Право во научна област Деловно право и Финансово право, се состана во следниот состав:

4. Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
5. Доц. д-р Берат Дехари, член
6. Проф. д-р Мирјана Алексова, член

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот м-р Бобан Попевски и го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Кандитатот Бобан Попевски е роден на 13.08.1978 година, во Охрид, додека основно и средно образование завршува во Ресен, во гимназијата "Цар Самоил". Во основно училиште е избран за првенец на генарација и активно учествува на голем број на државни натпревари од повеќе области и освојува високи државни награди по предметот математика. Во средно образование се запишува во гимназијата „Цар Самоил" на природно - математичка насока каде што исто така освојува голем број на награди и пофалници за учество на општински и државни натпревари. Во 2002 завршува студии на Универзитетот Климент Охридски – Битола на Факултетот во Охрид - насока Царина и Шпедиција, и дипломира во Март 2003 година со што се стекнува со звање Дипломиран Менаџер по Царина и Шпедиција.

После завршувањето на студиите започнува со активности околу Евро-интеграциските процеси на Република Македонија и во соработка со Економскиот Факултет во Скопје учествува на голем број на национални и меѓународни обуки, предавања и семинари:

- Continuing Education in European Affairs: Establishment of European Integration Centre, TRAINIG FOR TRAINERS (Tempus-17013-2002), Certificate of Attendance – Skopje, 24 – 30 April 2004.
- "European Union – Our future destination", EU Integration Project, Certificate for successfully attending the seminar – Macedonian Committee of the European Youth Parliament, Government o the Republic of Macedonia, European

Commission Delegation and EU Integration Project AISEC LC Skopje, 17th – 19th December 2004.
- SEMINAR ON NEGOTIATIONS, Certificate of Achievement, College of Europe – Institute of Postgraduate European Studies, Bruges, Belgium and Faculty of Economics Skopje, 30th March to 3rd April 2005.
- SEMINAR ON ECONOMIC AND SOCIAL DIMENSIONS OF THE INTERNAL MARKET, Certificate of Achievement, College of Europe – Institute of Postgraduate European Studies, Bruges, Belgium and Faculty of Economics Skopje, 3rd April to 7th April 2005.

Кандидатот Бобан Попевски започнува со неговото работно искуство како Менаџер за продажба во Euro-Business Center, Евро-Бизнис Центар АД Скопје, каде што работи на проект за Повеќекратни компензации (Мултикомпензации) и работи на издавање на книгата за 200 Најголеми и 200 Најуспешни компании во Република Македонија.
Во 2005 година започнува со работа во Стопанска Банка АД Скопје и работи во рамки на Корпоративниот сектор каде ги опслужува и советува бизнисите како да дојдат до извори на финансирање за нивниот бизнис како и соодветна анализа на кредитнаа способност на компаниите.
Кандидатот Бобан Попевски во Мај 2006 година, започнува со работа во НЛБ Банка, каде ќе остане се до Јули 2022 година. Во рамки на работното искуство во една од најголемите и најуспешни банки во Република Македонија се качува по скалилата и стекнува огромно искуство од банкарскиот и финансиски сектор како и од бизнис секторот преку компаниите со кои работи и проектите кои ги поддржуваат.
Работни позиции во НЛБ Банка:
- Благајник
- Банкарски Комерцијалист
- Кредитен службеник за бизниси
- Раководител на служба
- Проект Менаџер
- Директор на Сектор

Во рамки на работното искуство се стекнува со вештини и познавања од многу области на финансиите и правото а особено специјализира во областа на кредитна анализа, оптимизација на процеси, креирање на продукти, управување со ризик, кредитен рејтинг, дата бази на податоци, софтверски решенија во финансиската област, менаџмент вештини за управување со луѓе, зголемување на ангажираност на вработени и др.
Кандидатот Бобан Попевски, учествува во многу проекти кои придонесуваат за успехот на НЛБ Банка која е една од најуспешните во Република Македонија и има освоени многу награди и признанија како на национално така и на интенрационално ниво. Банката претставува дел од НЛБ Групацијата која на регионално ниво има добиено исто така многу награди и признанија. Преку Групацијата, кандидатот Бобан Попевски се стекнува со меѓународно признание преку соработката со другите банки – членки на Групацијата. Бил избран за Проектен Менаџер на меѓународен проект за Ефикасност на Продажбата (Sales Force Efficiency) преку кој воведува практики кои ги подобрија резултатите на Банката како и на задоволството на клиентите. Во наредниот период беше

повторно избран за Проектен Менаџер на проектот LOPA (Loan Origination Process Advanced), преку кој се развива и се воведува нов процес преку софтверско решение за подобрување на кредитниот процес како за потрошувачите така и за компаниите.
Кандидатот Бобан Попевски учевствувл во улога на надзор на првиот Меѓународен Синдициран Заем во Република Македонија и преку изградбата на Ист Гејт Мол се реализираше еден од најголемите вакви проекти во регионот. Учество во проектот имаат земено повеќе банки од Македонија, Словенија и Албанија.
Во рамки на работењето на банката, Бобан Попевски е задолжен за кредитниот процес за сите корпоративни клиенти на Банката и беше одговорен за организација на Кредитниот Комитет, како едно од највисоките органи на управување во Банката. Покрај организацијата на работењето на Одборот, како Директор на сектор беше и член на Кредитниот Одбор со што го остваруваше правото на глас за одобрување на сите проекти во банката, ценовната политика, утврдување и обнова на кредитни рејтинзи, управување со проблематични пласмани и други активности поврзани со физичките лица – клиенти на Банката.

**Образование и тренинзи**
Кандидатот Бобан Попевски престојувал во Луксмебург на Летната Програма "Growth Through Microfinance and Small and Medium Enterprises, Financial Management awareness, организирана од Министерството за Надворешни работи на Луксембург ATF, како и Народната Банка на Република Македонија. Програмате се одвива во периодот од 26ти Август 2013 до 6ти Септември 2013 година во Луксембург.

Во текот на 2017та и 2018та година, се запишува и успешно ја завршува програмата MANAGEMENT ACCELERATION PROGRAM во Словенија на престижното бизнис школо IEDC Business School of Management. Програмата се состои од два модули:

1. Leadership Foundations
2. Strategic and Business Insights

Учествува на повеќе настани за дополнување на вештините и знаењето:

- International Finance Corporation, World Bank Group - IFC Advisory Services Southern Europe, Certificate for attending the seminar MANAGING IN A TIME OF CRISIS DELINQUENCY AND RISK MANAGAMENT, March $16^{th}$ – $17^{th}$, 2009 in Skopje.
- Triple S Learning, Certificate of Attendance TRAINING ON NEGOTIATION SKILLS, $4^{th}$ – $5^{th}$ March 2011 in Skopje.
- EBRD European Bank for Reconstruction and Development) and FIKONSULT, Training course ENVIRONMENTAL AND SOCIAL TRAINING FRO FINANCIAL INTERMEDIARIES, $26^{th}$ September 2011 in Skopje.
- Clear View and ASEE, Certificate for successful completion of the course PEOPLE MANAGAMENT, 2015.
- Clear View and ASEE, Certificate for successful completion of the course PROCESSES AND PROCEDURES IMPROVEMENT, 2015

- Clear View and ASEE, Certificate for successful completion of the course TEAM DECISION MAKING, 2015.
- Clear View and ASEE, Certificate for successful completion of the course TRAIN THE TRAINERS, 2015
- GUSTAV KASER TRAINING INTERNATIONAL, CERTTIFICATE IN MANAGEMENT ACADEMY, 8th June 2015.
- Horizont International, Напредни лидерски вештини, 14th – 16th October 2016, во Крушево.
- M6 Educational Centre, Certificate of Attendance THE LEADERSHIP BRAIN: UNDERSTAND, CONNECT AND ACHIEVE MORE, 16ти Декември, 2019 во Скопје.

Учествува на голем број на настани како панелсит и предавач на теми од областа на финансиското работење, банкарство, особено за кредитна анализа и правни работи.
- Предавач на АБИТ – Академија за Банкарство и Информатичка Технологија.
- Глобалната недела на претприемништвото организирана од Асоцијацијата Стартап Македонија
- ексклузивна покана да се придружи на тркалезната маса на Светската недела на бизнис ангел инвеститорите 2022. Како поврзан партнер на Г20 Глобалното партнерство за финансиска инклузија, Светскиот бизнис ангел инвеститорски форум ја координира Светската недела на бизнис ангел инвеститорите, која се одржува од 20 до 26 јуни 2022 година глобално. Неделата е одбележана секој трет октомври, под глобална тема. На неа присуствуваа делегати од 132 земји.
- Поканает и сеуште учесник како Експерт за оценување на проекти www.bioexpertnetwork.com.
- „Изградба на мостови за соработка помеѓу Соединетите Американски Држави и Македонија“ како панелист и беше поканет да оценува истражувачки трудови на хибриден настан организиран од Македонско-Американска Алумни Асоцијација, Стартап Македонија и Duel Consulting
- PCV – Mentorship Program – за обучување на бизнис сопственици.
- Проект UnTap – open source Artificial Intelligence open source platform.
- Настан за Евалуација на Стартапи пред да остварат приходи.

Во 2022 година кандидатот Бобан Попевски добива можност да го продолжи своето образование во Соединетите Американси Држави. Добива стипендија за школување на Chicago -Kent College of Law во Чикаго, Илиноис. Во текот на академската 2021 – 2022 година ги завршува двата семестри и добива Сертификат за комплетирање на програмата "Право во бизнисот" (Two-semester Program in Business Law) на School of American Law, Chicago-Kent College of Law, Illinois Tech. Во текот на наредната академска 2022 -2023 година продолжува со Магистерската програма на Chicago-Kent College of Law, Illinois Institute of Technology во Чикаго, Илиноис. Дипломира на 13-ти Мај 2023 година, и се стекнува со звање Магистер по право во областа на Глобален бизнис и Финансиско Право (Master of Laws LL.M in Global Business and Financial Law). Главни предмети на кои се фокусира за време на студискиот престој се:

Банкарско Право и Регулативи, Меѓународно Право, Меѓународни Бизнис Трансакции, Блокчејн Технологија, Даноци, Бизнис Организации, Правото во САД. Во истата година ја завршува програмата IPRO Genysis Venture Capital на Каплан Институт во рамки на Илиноис Институт за Технологија (Kaplan Institute, Illinois Institute of Technology). Ја завршува програмата со највсиоки оцени и е избран да го застапува Каплан Институтот на натпреварот Venture Capital Investment Competition одржан Јануари 2023 година во Хјустон, Тексас.

Во периодот на неговиот престој во САД, тој заврши и доби неколку сертификати и положи државни испити:

- Securities Industry Essentials (SIE) passed exam from FINRA
- IL Life Producer Insurance State exam – Illinois Department of Insurance
- IL Life Producer Insurance General exam – Illinois Department of Insurance
- Human Rights Education Training from USIDHR
- Change Management Consultant, Enterprise Agility University

Добиени Сертификати под покровителство на Државата Илиноис (САД):

1. Entity Risk Assessment Training for Line Managers - Part 1: Intro into Risk Assessment
2. Leading Teams in Multiple Locations: Expectations & Accountability
3. IDOR: Microsoft Excel – Working with Data
4. IDOR: Achieving Results Through Accountability
5. Harassment and Discrimination Prevention Training 2024
6. IDOR: Money Smart - Borrowing Basics
7. IDOR: The Art of Asking Good Questions
8. IDOR: Time Management - Be more effective, achieve more
9. IDOR: The Five Dysfunctions of a Team
10. HIPAA & Privacy Training 2024
11. Acceptable Use Policy (AUP) 2024
12. Ethics Training Program for State Employees and Appointees 2024
13. Diversity, Equity, Inclusion and Accessibility Training 2024
14. Security Awareness 2024
15. Acceptable Use Policy (AUP) 2023
16. Diversity, Equity, Inclusion and Accessibility Training 2023
17. Ethics Training Program for State Employees and Appointees 2023

Други сертификати:

1. Certificate in Credit Analysis Structuring and Reasoning, Moody's Analytics
2. Change Management, International Business Management Institute (IBMI)
3. Financial Services Audit Committee Overview, Crowe
4. Accounting Trends and Topics, Crowe
5. Financial Services Audit Committee Overview, Crowe

Како резултат на неговото долготрајно искуство и интензивни контакти со претприемачите, во последните 6 години тој истражувал и пишувал и има објавено една книга, пет работни книги и три прирачници:

- Start Anyway: 50 Tips for Small Business Triumphs
- Business Workbook: Start Anyway: 50 Tips for Small Business Triumphs
- Handbook for Bankers: KPI's, Weekly Planner, Glossary, Formulas for Credit Analysts
- Handbook for Bankers: Branch Managers
- Handbook for Truck Drivers: Skills, KPI's, Weekly Planner, Glossary
- Truck Drivers Business Workbook
- Women in Business Workbook
- Young Professionals Workbook
- Immigrants Business Workbook

Има активно учество на повеќе настани во Илиноис и во Флорида за менторство и пренос на знаења наменето за сопствениците на бизниси. Одржани обуки за кредитни аналитичари и банкарски менаџери во Холивуд, Флорида.

Во рамки на работното искуство во САД, кандидатот Бобан Попевски започна да работи во Секторот за Банки и Одделот за Правни работи во IDFPR – Illinois Department of Financial and Professional Regulation за државата Илиноис во САД. Во рамки на редовните активности се правните истражување и регулативи, имплементација на нови финансиски производи и правна регулатива, усогласеност со правилата и прописите на банките и финансиските институции и др. Работи и на проекти за заштита на потрошувачите како и усогласеност со правилата и прописите на државно и федерално ниво.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот, м-р Бобан Попевски има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Бобан Попевски ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставно звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Право во научна област Деловно право и Финансово право.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија и предлага на Матичната комисија на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје", кандидатот м-р Бобан Попевски да го избере во наставно звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Право во научна област Деловно право и Финансово право.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
Доц. д-р Берат Дехари
Проф. д-р Мирјана Алексова, член

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТИ ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 14.11.2024 година, по пријавата на м-р Васко Костов за избор на наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна области Економија и Финансии, се состана во следниот состав:

7. Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
8. Доц. д-р Берат Дехари, член
9. Проф. д-р Мирјана Алексова, член

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот м-р Васко Костов и го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот м-р Васко Костов, роден на 14.06.1991 година во Штип. Основното обрзование го завршил во Штип. Средното образование го завршил исто така во Штип со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште се запишува на Факултетот за деловна економија и организациски науки при Универзитет Американ Колеџ во Скопје и успешно го завршува во 2014 година и со тоа се стекнува со стручно звање дипломиран економист по деловна администрација. Во 2014 година се запишува на магистерски студии од обласа на финансии и банкарство каде што по положување на сите предвидени испити и одбрана на магистерскиот труд под наслов „Влијанието на обемот и динамиката на буџетскиот дефицит врз формирањето на државниот и јавниот долг - случај на Република Северна Македонија" се стекнува со академски назив Магистер по финансии и банкарство.

Во текот на студиите, кандидатот се стекнал со пракса во финансиската институција „Комерцијална банка" и во својата семејна компанија Колимари Калисто. По завршувањето на магистерските студии, почнува да работи со полно работно време во семејната компанија Колимари Калисто на која работен делокруг е во текстилната индустрија, со главен фокус на развој и производство на модна облека. На самиот почеток го учи главниот производствен процес на

компанијата вклучувајќи: развој и изработка на производот, развој на шаблони, производство, контрола и пакување на финалниот производ. Целта е да ги запознае сите функционални единици на компанијата и донесува деловни одлуки во секој процес. Познавајќи го процесот би ја задржал контролата врз целиот процес генерално и би носел клучни одлуки од врвот. По две години целосно производствено искуство почнава да работи во секторот за сметководство и финансии, а од 2020 година е извршен директор на компанијата. Освен претприемништвото, континуирано го надградува знаењето преку различни форми на неформално образование.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Кандидатот м-р Васко Костов својата истражувачка дејност ја започнува најпрво со истражување и подготовка на научно истражувачки труд на тема „Влијанието на обемот и динамиката на буџетскиот дефицит врз формирањето на државниот и јавниот долг - случај на Република Северна Македонија" како магистерски труд.

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите меѓународни и домашни конференции, семинари и работилници за финансии и банкарство од земјите членки на ЕУ и пошироко:

4. Во 2023 година има завршено едногодишна специјалистичка обука за сметководство на Академија за банкарство и информатичка технологија
5. Во периодот 2023-2024 има успешно завршено интернационална сертификациона обука Certified Controller на Институт за бизнис и менаџмент Хајделберг Скопје
6. Во тек на 2024 година има учествувано на програма за Leader Project Enterepreneurship на Macedonia 2025
7. Во 2024 година учествува на работилница на World bank group, на тема „Имплементација на МСФИ сметководствени стандарди"
8. Wall street Prep – Financial and Valuation Modelling – учество на работилница во 2024 година

Покрај учеството на големи меѓународни и домашни конференции и семинари, кадидатот има земено активно учество на многу банкарски, менаџерски и бизнис семинари и работилници, каде апликативно го покажува и зајакнува своето знаење.

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, м-р Васко Костов има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот м-р Васко Костов ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна области Економија и Финансии на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје".

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје" кандидатот м-р Васко Костов да го избере во наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна области Економија и Финансии.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
Доц. д-р Берат Дехари, член
Проф. д-р Мирјана Алексова, член

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 14.11.2024 година, по пријавата на магистрант Филип Стојановски за избор на наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Право и научна област Деловно право, се состана во следниот состав:

10. Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
11. Доц. д-р Берат Дехари, член
12. Проф. д-р Мирјана Алексова, член

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот магистрант Филип Стојановски и го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот Филип Стојановски е роден на 02.09.2002 година во Скопје. Основното обрзование го завршил во Скопје. Средното образование го завршил исто така во Скопје со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште се запишува на Правниот Факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и успешно го завршува во 2024 година и со тоа се стекнува со стручен назив дипломиран правник (Bachelor of Laws LL.B) со просек 9.03.

Истата година, се запишува на последипломските студии на Правниот факултет во Скопје во насока Деловно право.

Од декември 2023 година до декември 2024 година Филип е член на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет. Се стекнува и со пракса во Управниот суд на Република Северна Македонија. Од септември 2024 година до декември 2024 година, Филип Стојановски работи во Адвокатска канцеларија Антонио Велкоски како приправник каде што своето богато теоретско знаење го надградува и поткрепува со квалитетна практична работа. За овој период, Филип својата практична работа ја надградува и со волонтерска работа во Невладината организација ELSA Македонија.

**Учество на семинари, предавања**

Во текот на високото образование Филип има учество во повеќе семинари и конференции меѓу кои дел и од интернационален карактер и тоа:

- организација и учество на 4та меѓународна конференција за спречување на перење пари и финансирање тероризам, на тема: „Нови рестриктивни мерки - ефектите и искуствата од регионот“ – 15.6.2022 година;
- организација и учество на 5та меѓународна контролинг конференција на тема „Предизвици во контролингот: одржливост, нови бизнис модели, трансформација и криза„ – 28.6.2022 година;
- учество на работилница на тема „Менаџментот на знаење како фактор за функционален личен и професионален развој на наставниците“ - 25 и 26 февруари 2022 година;
- учество на работилница на тема „Подобрување на компетенциите на наставниците за ефикасно информирање, комуницирање и едукација на родителите на учениците„ - 04 и 05 март 2022 година;
- Учество на семинар на тема “Холокаустот и масовните злосторства - 09.12.2024 година
- Учество на предавање на тема “Систем за рано откривање на исчезнати лица” – 18.03.2024 година

Во текот на средното образование Филип има учество на:
- Едукативна активност за ученици од средни училишта “Имам став” 09.12.2020- Парламентарен институт, Собрание на Република Северна Македонија
- Едукативна активност за ученици од средни училишта “Имам став” 06.04.2020 година – Парламентарен институт, Собрание на Република Северна Македонија
- Натпревар по право на ниво на средни училишта на Град Скопје 30.01.2020 година и има освоено второ место

# ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, магистрант Филип Стојановски има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот магистрант Филип Стојановски ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Право и научна област Деловно право на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје”.

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага Наставничкиот совет на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје” кандидатот магистрант Филип Стојановски да го избере во наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Право и научна област Деловно право.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
Доц. д-р Берат Дехари, член
Проф. д-р Мирјана Алексова, член

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТИ ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 14.11.2024 година, по пријавата на д-р Горан Василев за избор на наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна области Економија и Финансии, се состана во следниот состав:

13. Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
14. Доц. д-р Берат Дехари, член
15. Проф. д-р Мирјана Алексова, член

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот д-р Горан Василев и го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот д-р Горан Василев, роден на 21.3.1978 година во Скопје. Основното обрзование го завршил во Скопје. Средно образование завршил во Никола Карев, Скопје. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 2001 година, со просечен успех 8.

Во академската 2005 година, како стипендист на Стопанска банка АД Скопје, магистрира на Универзитетот Сити Колеџ во Солун, Р. Грција, афилијација на Универзитетот Шефилд од Велика Британија со просек __ во областа МБА – Генерален менаџмент.

Во академската 2016 година, под менторство на проф. д-р. Љубе Трпески, докторира на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во областа на банкарство.

### Наставно образовна и научно истражувачка дејност

Кандидатот д-р Горан Василев Од 2009 година, како експерт од практиката е ангажиран по група предмети од областа на Економија и Финансии на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, каде држи предавања по Микроекономија, Меѓународни финансии, Управувачко и Финансиско сметководство, организира испити, проекти и останати активности неопходни за адекватно одвивање на наставата. Во изминатите години д-р Горан Василев ги неколку трудови во референтни научни списанија, и тоа:

- Jadranka Mrsik, Goran Vasilev (2018), "Evaluation of Macedonian bank 'policies before and after the 2008 crisis: A comparative study" Ekonomika, Vol. 64, No1, P.111-124
- Jadranka Mrsik, Goran Vasilev (2017), "The impact of the crisis on the lending decisions: Evidence from the banks in Macedonia" Annals of the "Constantin Brancusi" University of Targu Jiu, Economy Series, Issue 4/2017
- Jadranka Mrsik, Goran Vasilev (2017), "Changes in the bank's performances after the crisis: A comparative study" Economic development No3/2017 p.(171-184)
- Ivo Paunovski, Dimitar Kovachevski, Goran Vasilev, Krum Efremov (2020), "E-Agriculture strategy: partnership as business model framework" Economics and Management, XVII, Issue: 1, Year: 2020, pp. 108-119
- 

### Стручно апликативна и организациско – развојна дејност

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите меѓународни и домашни конференции, семинари и работилници за финансии и банкарство во САД:

- Во 2005/2006 година, како стипендист на УСАИД, добива Сертификат за Финансиски и банкарски менаџмент, од областа на Корпоративни финансии, Менаџмент на финансиски институции и Портфолио манаџмент, од Georgetown Универзитет од Вашингтон, студии на Универзитет од Винсконсин – Ла Крос, САД. За време на престојот во САД се стекнува и со звање Сертифициран Финансиски Аналитичар (CFA) Прв степен од CFA Институт од Њу Јорк, САД.

Д-р Горан Василев има 20тина години работно искуство во областите на финансии и банкарство. По студиите работи во неколку реномирани меѓународни банкарски групации, на повеќе раководни позиции:

- 2001-2010 година, Стопанска Банка АД Скопје, членка на НБГ Групација.
- 2010-2016 година, Алфа Банка Ад Скопје, членка на Алфа Банк Групацијата,
- 2016-2017 година, Силк Роад Банк АД Скопје

Од 2017 година преминува во небанкарскиот финансиски сектор како Управител на:

- 2017-2018 година, Финансиско друштво Диџитал Финанце Интернационал Скопје
- 2018 година-тековно, Финансиско друштво ИутеКредит Скопје

За време на пост дипломските студии има пракса во СитиБанк во Њу Јорк, САД.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, д-р Горан Василев има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Горан Василев ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна области Економија и Финансии на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје”.

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Висока стручна школа “Хајделберг факултет во Скопје”, кандидатот д-р Горан Василев да го избере во наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Економија и бизнис и научна области Економија и Финансии.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Синиша Наумоски, претседател
Доц. д-р Берат Дехари, член
Проф. д-р Мирјана Алексова, член

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТИ ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА И СИСТЕМИ НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 14.11.2024 година, по пријавата на Даниел Наумоски за избор на наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Вештачка интелигенција и системи, се состана во следниот состав:

16. Проф. д-р Стојан Китанов, претседател
17. Проф. д-р Самоил Малчески, член
18. Проф. д-р Мирјана Алексова, член

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот Даниел Наумоски и го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот Даниел Наумоски, роден на 28.07.2000 година во Скопје. Основното обрзование го завршил во Скопје во училиштето ООУ Владо Тасевски. Средното образование го завршил исто така во Скопје СУГС Георги Димитров со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште се запишува на Факултетот за компмјутерски науки и информатички технологии при Универзитет Американ Колеџ во Скопје и успешно го завршува во 2024 година и со тоа се стекнува со стручно звање дипломиран софтверски инженер.

Во текот на студиите, кандидатот се стекнал со пракса за машинско учење и вештачка интелегенција во Нетцетера, компанија која се занимава со програмирање, компјутеркси услуги и слично. Во текот на студиите, кандидатот има искуство и со реализација на проекти: „Препознавање на рачно напипани броеви“. Следен проект значаен за истражувачката насока и кариер ана кандидатот е „Дијагноза и класификација на алцхајмерова болест базирана на снимнки од магнетна резонанца“. Од овој проект поризлегува и инспирацијата за изработка на дипломската работа „Објаснива дијагноза и класификација на алцхајмерова болест врз основа на снимнки од магнетна резонанца користејќи методи на длабоко учење“.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Кандидатот Даниел Наумоски својата истражувачка дејност ја започнува најпрво со пракса за машинско учење и вештачка интелегенција во Нетцетера, компанија која се занимава со програмирање, компјутеркси услуги и слично. Самиот се впушта во креирање и решавање на проблематика со реализација на проекти: „Препознавање на рачно напипани броеви". Следен проект значаен за истражувачката насока и кариера на кандидатот е „Дијагноза и класификација на алцхајмерова болест базирана на снимнки од магнетна резонанца". Од овој проект поризлегува и инспирацијата за изработка на дипломската работа „Објаснива дијагноза и класификација на алцхајмерова болест врз основа на снимнки од магнетна резонанца користејќи методи на длабоко учење".

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи учеството на кандидатот на истакнатите меѓународни и домашни конференции, семинари и работилници за финансии и банкарство од земјите членки на ЕУ и пошироко:

- Supervised Machine Learning: Regression and Classification February 2024 https://www.coursera.org/account/accomplishments/records/REUQ2CMLYKBG
- Advanced Learning Algorithms March 2024 https://www.coursera.org/account/accomplishments/records/AK4NQQEXRLUK
- Unsupervised Learning, Recommenders, Reinforcement Learning March 2024 https://www.coursera.org/account/accomplishments/records/JULDKSXYFSV4
- Machine Learning Specialization March 2024 https://www.coursera.org/account/accomplishments/specialization/PY8RFM3PNJKM

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, Даниел Наумсоки има поднесено документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот Даниел Наумокси ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Вештачка интелигенција и системи на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје".

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје" кандидатот Даниел Наумсоки да го избере во наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Компјутерска техника и информатика и научна област Вештачка интелигенција и системи.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Стојан Китанов
Проф. д-р Самоил Малчески
Проф. д-р Мирјана Алексова

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ ПРЕДАВАЧ ВО ОБЛАСТИ ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА "ХАЈДЕЛБЕРГ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ"

Врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија на седница одржана на 14.11.2024 година, по пријавата на Љупчо Костоски за избор на наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Компјутерски и информациски науки и научна области компјутерски науки и информациски науки, се состана во следниот состав:

19. Проф. д-р Стојан Китанов, претседател
20. Проф. д-р Самоил Малчески, член
21. Проф. д-р Синиша Наумоски, член

Постапувајќи врз основа на член 169, 171, 172 и 173 од Законот за високо образование и Статутот на Висока стручна школа "Хајделберг Факултет во Скопје", Рецензионата комисија ја зеде на разгледување пријавата со сите потребни прилози поднесени од страна на кандидатот Љупчо Костоски и го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци**

Од автобиографијата што е приложена кон пријавата се гледа дека кандидатот Љупчо Костоски, роден на 30.09.1982 година во Битола. Основното обрзование го завршил во Кичево. Средното образование го завршил исто така во Кичево со континуирано одличен успех. По завршување на средното училиште се запишува на Електротехничкиот Факултет при Универзитетот "Св Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2009 се запишува на Факултетот за Информатика при Американскиот универзитет на Европа и успешно го завршува во 2013 година и со тоа се стекнува со стручно звање Дипломиран Инженер по Информатика.

Во текот на студиите, кандидатот се стекнал со пракса во компанијата Лупус Дооел каде работи како Систем Администратор и Техничка поддршка. По завршувањето на студиите, почнува да работи како хонорарец и технички консултант за програми за електронска трговија. Од 2015 година работи во полно работно време како Софтвер девелопер во компанијата Центрог каде работи на развој на програми за сметководство и адвокатски компании. Од 2016 почнува со работа во компанијата Сеавус како софтвер инженер за платформа на компјутерски игри, одговорен за оддржување и приклучување на нови клиенти. Од 2021 година се приклучува на тимот на ИВ-Конект каде работи на позиција ДевОпс, одговорен за автоматизирање на процесите на интеграција, податочен менаџмент и анализа на податоци. Истата година станува член на Валтек тимот

одговорен за информатички консултантски услуги пред се на големи автомобилски компании како БМВ и Мерцедес. Кандидатот тука работи како одговорен за ИТ инфраструктурата и екперт по сајбер-безбедност.

**Наставно образовна и научно истражувачка дејност**

Кандидатот Љупчо Костоски својата истражувачка дејност ја започнува најпрво со истражување и подготовка на научно истражувачки труд на тема „Квантна и Пост-Квантна Криптографија".

**Стручно апликативна и организациско – развојна дејност**

Значајно е да се обележи дека кандидатот поседува неколку светски признати сертификати:

9. Мајкрософт Сертифициран Девелопер
10. Мајкрософт Сертифициран Администратор
11. Мајкрософт Сертифициран ДевОпс Експерт
12. Мајкрософт Сертифициран Азуре Архитект Експерт
13. Мајкрософт Сертифициран Експерт за Сајбер-Безбедност

Покрај учеството на големи меѓународни и домашни конференции и семинари, кадидатот има земено активно учество на многу ИТ семинари и работилници, каде апликативно го покажува и зајакнува своето знаење.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, Љупчо Костоски има поднесено комплетна документација согласно објавениот конкурс. Врз основа на разгледувањето на добиената документација, Комисијата констатира дека кандидатот Љупчо Костоски ги исполнува сите стручни и наставно-научни услови за да биде избран во наставник во звање предавач од научно-истражувачко поле Компјутерски и информациски науки и научна области компјутерски науки и информациски науки на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје".

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Висока стручна школа "Хајделберг факултет во Скопје" кандидатот Љупчо Костоски да го избере во наставник во звање ПРЕДАВАЧ од научно-истражувачко поле Компјутерски и информациски науки и научна области компјутерски науки и информациски науки.

Рецензиона Комисија
Проф. д-р Стојан Китанов, претседател
Проф. д-р Самоил Малчески, член
Проф. д-р Синиша Наумоски, член